*ИЛО ТРАЈКОВСКИ*

# ОД КРИЗОЛОШКА КОН ПОСТМОДЕРНА СОЦИОЛОГИЈА НА КРИЗАТА НА „РЕАЛ-СОЦИЈАЛИЗМОТ"

Ако воопшто постои подрачје од универзумот на културата за кое, со убедлива аргументација, може да се рече дека е автентично подрачје на социологијата, подрачје на кое таа се чувствува како дома, тогаш тоа е, секако, подрачјето на простирање на идејата за криза. За ниедна друга наука, освен за социологијата, не се толку општо прифатени атрибутите „кризологија" и „кризна наука".

Социолозите долго време, а и ден денес, интелектуалниот легитимитет и културно еманципаторската смисла на своето општествено дејствување, како професионалци, ги изведуваат токму од идејата дека е тоа наука породена од кризата на модерното општество.

Истражувањата во историјата на социологијата треба допрво да ги валоризираат цивилизаторските вредности на така осмислениот културен ангажман на социологијата и социолозите. Но, веќе се на повидок првите критики на кризолошкото дефинирање на социолошкиот дискурс за човековата општественост. Бранејќи се од нелагодноста која ја создава ехото на „црковно-хорското" пеење за блискоста на потопот, со нему примерената вера во мирикулизам и месијанство, а при тоа опстојувајќи на идејата за социологијата како засебна наука, определени автори,[1] со мноштво убедливи аргументи, укажуваат на потребата од свртување на социологијата од идејата за криза кон идејата за развој на општеството.

Со оваа статија правам обид да ги афирмирам и скромно, подзасилам сознајно теориските потенцијали на критиката на кризолошката осмисленост на социологијата. Содржинската насоченост на трудот е резултат на обидот за опробување на можностите и релеванцијата на основните премиси на спомената критика за изведување консеквентно социолошко толкување и објаснување на актуелните текови во југословен-

[1] Ќе споменеме само неколку, позначајни имиња: Habermas „, Touraine A., A. Gorz, Maffesoli, Ferrarotti F. и други.

ското и полското општество, како општества од ист историски и социолошки тип.[2]

Лајтмотив на таквиот обид не е само сознанието дека метасоциологијата е рамка на секој позитивен социолошки пледоаје, туку и убеденоста дека таквиот напор ќе поттикне типично позитивни асоцијации и концептуализации. Последните спомената амбиции на мојот труд се насочувани од настојувањето социолошката размисла за кризата на „пост-револуционерните", или како уште се нарекуваат „реал-социјалистичките општества", да се замени со размисла за нивниот развој. Тоа значи, од настојувањето да се омеѓат покренувачките потенцијали на прашањата: Зошто југословенското и полското општество (на пример) се во криза?; и, кои сè области од социјалниот живот ги зафатила кризата?; за кои што наоѓам дека ги ограничуваат сознајно теориските потенцијали на социологијата и ја претвораат во привезок на оваа или онаа доктрина.

Истовремено, таквиот напор е настојување за безгранично отворање на социологијата кон прашањата на општествениот развој. За социологијата, како културен ангажман кој не се задоволува само со тоа да остане во дослух со општите интелектуални текови на времето на кое му припаѓа, туку претендира да биде нивен прв гласноговорник, вистинско прашање, во однос на дијагностицирањето на актуелните состојби на југословенското, полското и на нив слични општества, е прашањето: Како тие општества успеваат да се одржат, функционираат и, уште повеќе, да артикулираат можни еманципаторски социјални сили и субјекти коишто ја рушат „заедницата — ропство".[3] организирана врз болшевичко-комунистички принципи.

Развивањето на основните идеи на мојот труд, во оваа пригода, се ограничува на елаборација на четири поттеми: 1. Идејата за криза како културна творба; 2. Концептуализација на идејата за криза во социологијата; 3. Кризологијата на теориите за „реал-социјализмот"; и 4. Пледоаје за постмодерна социолошка концептуализација на идејата за криза.

## 1. ИДЕЈАТА ЗА КРИЗА КАКО КУЛТУРНА ТВОРБА

Расправата во ова поглавје е насочена кон прикажување на сознанијата за културната смисла, односно значењето на зборот „криза". Иако, само по себе, оваа расприваа нема по-

[2] Трудот, како „конференциско соопштение", беше прочитан на VI. скопско-краковски семинар по социологија, кој работеше на тема: „Социолошките аспекти на кризата на југословенското и полското општество", во Скопје, од 05. до 13. септември 1990 година.

[3] За елаборацијата на овој концепт, пошироко кај Z. Vidaković: »Marks i savremeni svet«, Beograd, 1981, str. 190—200.

зитивно социолошки призвук, таа не е безначајна за социологијата ако се има предвид неспорливоста на творењето дека зад секое позитивно сознание стои едно, определено метасознание. Во оваа смисла, во ова поглавје настојувам да разоткријам некои аспекти на метатеориското значење на идејата, односно на поимот „криза", коишто се пробиваат во секоја посебна, научна концептуализација на оваа идеја, што значи и во социологијата.

Секој збор од речникот на било кој јазик има точно определено значење. При тоа, секако дека значењето на еден збор на феноменолошко ниво има своја историја. Меѓутоа, постоењето на појмовна историја на зборовите не значи дека зборовите се празни флосхули во кои може да се внесува сè и сешто. Зборовите имаат едно свое внатрешно значење. Тоа внатрешно значење на зборовите е определено од, на секој од нив, примерен праг на асоцијации зад кои значењето, односно поимот не може да оди, а да не побара нов, односно друг термин.

Таков праг на асоцијации поседува и зборот криза. Токму поради него, ниедна употреба на зборот криза не преминува преку, нему инхерентниот, интринистички праг на асоцијации, а тој е означување на определен момент или состојба, како преломен, пресуден превратен.[4] Човечката, односно историско цивилизаторската смисла на овој збор најпрегмантно ја изразува библискиот концепт за „судниот час", кој покрај мотивот за преломноста, пресвртноста, ја содржи и идејата за „чудото" и „месијата". Конкретната аргументација во прилог на ваквото толкување на „метафизиката" на зборот криза, наоѓаме во заедничкото потекло на зборовите криза и критика во старогрчкиот јазик,[5] чија што културна врска со библиските мотиви е неоспорна.

## 2. КОНЦЕПТУАЛИЗАЦИЈА НА ИДЕЈАТА ЗА КРИЗА ВО СОЦИОЛОГИЈАТА

Социологијата, како историски феномен, се конституира во засебна научна дисциплина не само како креација и новост, туку и како прифаќање на културните творби, идеи и ангажмани, на нејзиното време. Под силно влијание на, тогаш доминантните, органицистичко, натуралистичко и телеологистичко поимање на општеството, социологијата, во делото на Сен-Симон и неговите следбеници, легитимирачките аргументи во прилог на историската смисла и нејзиниот засебен научен

[4] М. Вујаклија „Лексикон страних речи и израза", Просвета, Београд, 1980, стр. 478.

[5] За ова пошироко кај: N. Popov: »Kriza, kritika i ideologija«, во зборникот: »Savremeno društvo i sociologija«, Globus, Zagreb, 1986, str. 135—155.

дигнитет ги изведе од библиската идеја за „судниот час". Меѓутоа, наместо библиска религија социологијата се дефинира себеси како „позитивна религија". Позитивноста на социолошко-религиската концептуализација на библиско-религиската идеја за „судниот час" беше постигната со себе легитимирање и втемелување врз концептот „криза на општеството". Оттука произлегуваат, понапред споменатите, помалку или повеќе, пежоративни определувања на социологијата како „кризологија" или „кризна наука".

Наспроти очигледноста на процесите на развој на човековата општественост, проширувањето на моќта и подрачјата на општественото дејствување на човекот — надминување на локализмите и конституирање на „национални заедници", невидени дострели на поделбата на трудот, глобализација и планетаризација на општествената продукција и репродукција на индивидуалниот живот и т.н. — социологијата говори и се афирмира како говор за криза на општеството.

Во однос на овој феномен, неоспорливо е тврдењето дека очигледното не è, само по себе и вистинито. Во таа смисла, можно е објаснувањето на врзаноста на социологијата за концептот „криза на општеството" наспроти очигледноста на неговиот развој, да се бара во општењето на социологијата со, за нејзиното време, карактеристичната, како ја нарекува П. Слотердијк „коперниканска мобилизација на умот".[6] „Коперниканскиот шок", пишува Слотердијк, „подучуваше светот да не се гледа онаков каков што е тука, неговата „стварност" во мислите да се спротивставува на впечатоците кои ги примаме од сетилата... Кога сонцето излегува, не излегува сонцето. Она што гледаат очите повеќе не се поклопува со она што астрофизички информираниот мозок замислува".[7]

Но, дали социологијата беше навистина во дослух со таквата коперниканска и бекононовска умна револуција? Поставувањето на ова прашање се наметнува како оправдано ако се има предвид пропустот на социологијата рационално да ја сознае и да ја концептуализира социо-онтолошката дистанца и спротиставеност помеѓу: „целно-рационалното" и „комуникативното" дејствување (Ј. Хабермас); помеѓу: „институционалниот систем на дејствување и „историчноста" (Т. Турен); помеѓу: „општеството" и „социјалното" (А. Мафесоли); помеѓу „легалното или службеното општество" и „реалното општество" (Ф. Фератоти), односно помеѓу она што јас го нарекувам, иако сè уште само на ниво на скица, „политичко општество" и „цивилно општество".

Класичната социологија, секако не без исклучоци, под влијание на романтичарско колективистичката и телеологис-

---

[6] Sloterdijk P. »Kopernikanska lobilizacija i ptolomejsko razoružanje«, Bratstvo Jedinstvo, Novi Sad, 1988.

[7] Sloterdijk P. isto, str. 41.

тичка идеологија и органицистичката премиса за општеството, истото го постулираше како колективитет од заедничарски тип (а ла Ф. Тенис). Врз основа на таа премиса, во потиснувањето на заедничарскиот тип на општествени односи, карактеристичен за старите, традиционалните лобално интеграциски мрежи, како што беа цехот, селото, племето и родот, класичните социолози видоа криза на општеството, општественоста односно, социјалноста воопшто.

Со таквото дијагностицирање на општествените текови социологијата, следствено, императивите на концептот за „судниот час“, отвораше простор за појавување на различни месии, а најчесто и самата ги идентификуваше еднаш во ликот на индустријалците друг пат во ликот на пролетаријатот и сл.

Логички изводлива консеквенца од ваквото толкување на кризолошкото дефинирање на социолошкиот дискурс е оценката, изречена од А. Турен, дека поимот криза е составен дел на идеологијата на власта и дека „имплицира реорганизација на општеството одозгора“.[8] Во духот на таквата оценка, осврнувајќи се на проблематичноста на социолошкото дијагностицирање на современите состојби на општеството со кризолошка терминологија, а залагајќи се за критичка саморефлексија и омеѓување на таквиот пристап, Турен укажува дека таквиот социолошки дискурс во својот поттекст крие авторитативни проекти: „Ако денес проживуваме криза“, пишува Турен, „единствена солуција би била да се очекува појавување на определена сила на интеракција на колективноста, некој семоќен шеф сличен на Пизастрат или Цинцинат, на некој просветен деспот, или, поумерено, мудреци кои се потпираат врз сметачи“. Таквото дијагностицирање на современите состојби на општеството, продолжува Турен, „може да доведе само до јакнење на некоја нова владеачка елита, која настапува едновремено во името на рационалноста и целата колективност“.[9]

Воден од овие сознанија, во делот кој следува укажувам на присутноста на условно наречената, кризолошка парадигма во доминантните теории за „реал-социјалистичкото општество“ и, на влијанието на истата како ограничувачки идејно-теориски фактор во однос на критичките потенцијали, кои како автентичен ангажман ги карактеризираат овие теории.

## 3. КРИЗОЛОГИЈАТА НА ТЕОРИИТЕ НА „РЕАЛ-СОЦИЈАЛИСТИЧКОТО ОПШТЕСТВО“

Споредбените теориско концептуални анализи на теориите за т.н. „реален“ или, како уште се нарекува, „ран-социјализам“ укажуваат на постоење на пет дистинктивни теории:

---

[8] Touraine A. »Crise ou mutation?« во: Au-delà de la crise, Paris, 1977, str. 23—24., цитирано според: S. Vrcan, »Ad hok krizologija ili teo-

1. Теорија за „реалниот социјализам“ како „државен капитализам“, на Т. Клиф и Ч. Бетелхеим.;[10]

2. Теоријата за „реалниот социјализам“ како „корпоративен систем“ на претставниците на будимпештанската школа.[11];

3. Теоријата за „реалниот социјализам“ како „азијатски начин на производство“, на К. Витфогел и Р. Бахро и други[12];

4. Теоријата на „реалниот социјализам“ како „етатизам“, чии што најзначајни афирматори се југословенските теоритичари; а посебно: Б. Хорват, С. Стојановиќ, З. Голубовиќ и други[13] и

5. Теоријата за „реалниот социјализам“ како „преодно општество“, на Е. Мендел.[14]

Со оглед на интенциите на овој мој труд, попродлабочената елаборација на споменатите теории би била оптоварувачка дигресија. Поради тоа, се ограничив на нивно таксативно набројување, а подетално ги изложувам само оние резултати од споредбената анализа на овие теории, кои се релевантни за аргументација на тезата која ја развивам во овој труд.

Настрана е констатацијата дека сите споменати теории прават еден ист сознајно-теориски превид. Сите, врз основа на типично модернистичко органицистички премиси, од теорија за парцијалното, односно, од теорија за една специфична општествена структура (државниот капитализам, корпоративниот систем, азијатскиот начин на производство, етатизмот и т.н.) се развиваат во теорија за тоталитетот наречен „реал-социјалистичко општество“. Односно, тие не остануваат само теории за „државниот капитализам“, „етатизам“, и т.н., туку се развиваат во теории за „државно капиталистичко“, „етатистичко“ и т.н. ОПШТЕСТВО.

Тоа го постигнуваат на тој начин што појдовните проблеми и амбиции на теоријата за општествата кои се предмет на нивното проучување ги поставуваат со посредство на прашања за: ТЕМЕЛНИОТ, ДЕТЕРМИНИРАЧКИ општествен однос (значи претпоставуваат постоење на таков општествен однос); за ПРИНЦИПИТЕ на општествената стратификација; за ОСНОВ-

---

rija suvremene krize« во зборникот Savremeno društvo i sociologija, Globus, Zagreb, 1986, str. 117.

9 Toutaine A. cit. del. str. 117—118, цитирано според S. Vrcan, исто.

10 Cliff T. »State capitalisl in Russia«, Plato Press, 1974. Bettelheim Ch and Chavance B. »The Review of Radical Political Economics«, A Special Issue on the Soviet Union, Vol. 13, No. 1, 1981.

11 На „будимпештанската школа“ и припаѓаат голем број теоретичари, меѓу кои за развивање на теоријата за корпоративниот систем, како најзначајни треба да се споменат: A. Heller, F. Feher и G. Markus со заедничкиот труд: »Diktatura nad potrebama« Rad, Beograd, 1986.

12 Wittfogel A. K. »Orijentalna despocija«, Globus, Zagreb, 1988.

13 Horvat B. »Politička ekonomija socijalizma«, Globus, Zagreb, 1984. Golubović Z. »Stalinizam i socijalizam«, Beograd, 1982. Stojanović S. »Između ideala i stvarnosti«, Prosveta, Beograd, 1969.

14 Mandel E. »Rasprava o marksističkoj ekonomiji«, Veselin Masleša, Saraevo, 1970, tom II, glavi: XV, XVI, XVII i XVIII.

НИОТ општествен конфликт; и прашањето за специфичностите на идеологијата врз која почива легитимизацијата на хегемонијата на соодветната општествена структура (државниот капитализам, етатизмот, корпоративниот систем и т.н.).

Со ваквата проблемска актуализација на општеството, тоа во овие теории опстојува само уште како празен ентитет кој, зависно од потребите на теорискиот модел добива ваква или онаква содржина. Со таквата концептуализација на општеството, овие теории се чувствуваат сосема лагодно но, само до моментот кога се обидат да го објаснат феноменот на пречки во континуираната репродукција на државниот капитализам, азијатството, етатизмот односно, корпоративниот систем. Дури на ова ниво се актуелизира теориската релевантност на општеството како динамичко-структурален фактор, но и овде само како еруптивно опкружување полно со неизвесноста и непознатици.

Општеството во нив постои само како „политичко општество", т.е. како држава. Доколку нешто нема претензии за власт, ирелевантно е за теоријата. За овие теории, определена структура од живиот општествен плурализам е релевантна само тогаш кога таа се пројавува и, доколку се пројавува, како политички субјект. Сè до тој момент таа може ѝ да биде препозната, но само како структура која е тука да биде функционална во однос на владеачката, односно хегемонстичката структура.

При тоа, воздигнувањето н оваа или онаа општествена структура во политички субјект, т.е. субјект кој има амбиции да се конституира како хегемон, за овие теории останува научно необјасниво. Тоа едноставно се случило и се прифаќа како такво, во неговата политичко делотворна, а не во неговата социо-генетичка смисла. Битно е, резонираат овие теории, дека актуелниот хегемон добил конкурент кој повторно има да постане хегемон, односно да го моделира тоталитетот на општествениот универзум согласно нему својствените принципи.

Така, не само власта туку и семејството, соседството, пријателството и сите други езотерично социјални форми постануваат етатизирани, бирократизирани, државно капиталистички и сл. Општеството е мртво. На историската сцена има само еден актер, владеачката, хегемонистичката општествена структура.

Врз основа на таквата логика на промислување на општеството, кризата на хегемонистичката општествена структура е криза на самото општество, затоа што проголтувајќи го општеството хегемонистичката структура останала единствена, преостаната форма на општественост односно, општество.

Соочени со пресијата од ваквите творби, наоѓаме сили само уште за тоа да го поставиме прашањето: Ако југословенското, полското и на нив слични општества се, односно, сега,

веќе биле, етатистички, државно капиталистички и сл. тогаш од каде доаѓаат силите и субјектите кои го рушат хегемонот? Поставувајќи го ова прашање, се надевам дека тоа ќе поттикне силни критички потфати во однос на споменатите теориски мистификации на современите општествени или, поточно речено социолошки фетишизми. Елаборираната логика на споменатите теории со, на нив, имплицитната премиса за аморфноста или, како што тоа денес, во дневно политичкиот говор се нарекува „едноумноста“ на државно капиталистичкото, етатистичкото и с.л општество, не допушта никакво друго решешение на овој проблем освен дека станува збор за импулси кои доаѓаат надвор од општеството. Од исклучителни поединци или елити за кои, доколку сепак се признае дека како индивидуи биле членови на општеството во криза, на некој чуден начин останале имуни на „социјализаторските“ моќи на владеачката односно, хегемонистичката општествена структура.

Накратко елаборираните сознанија се чинат доволно убедливи во прилог на тезата дека, со некритичко прифаќање и афирмација на идејата за криза, теориите за „реалниот социјализам“ чиј што првичен и автентичен ангажман, несомнено, е негациски, застанувааат на исти позиции со субјектот кон кого е насочена нивната критика. Потврда за ова наоѓаме и во обостраната оддаденост на проектот „стабилизација на општеството“. На еден чуден начин критичкото и критикуваното се ангажираат за реформа и стабилизација на југословенското, полското и на нив сличните општества. При тоа, општеството и за двата ангажмана останува нешто што е подложно на моделирање и ремоделирање односно на „формирање“ и „реформирање“ од страна на овој или оној политички субјект. Општеството има, по дефиниција, да функционира како еден организам, а во склад со упатствата и целите на еден хегемон.

Ангажирајќи се за надминување на ваквата тоталитаристичка замка на организмот, инхерентен на кризолошкото промислување на актуелните општествен текови во југословенското општество, во расправата која следи се обидувам да скицирам една постмодернистичка социолошка концептуализација на идејата за кризата, која како теорија од среден обем би била елемент на една постмодерна „социолошка имагинација“ односно, на една постмодерна социологија на современото општество.

## 4. ПЛЕДОАЈЕ ЗА ПОСТМОДЕРНАТА СОЦИОЛОШКА КОНЦЕПТУАЛИЗАЦИЈА НА ИДЕЈАТА ЗА КРИЗАТА

Почетната премиса на горе назначениот проект ја изразувам со ставот дека историскиот феномен општество, чија што прва форма ја препознаваме во постоечките „национални заедници“ е единство на два спротивни и социо-онтолошки противречни пола, кои, зависно од пристапот, може да се дефи-

нираат како дејствувања и слично. Зависно од специфичностите на пристапот кој го негуваат определени автори, во современата литература, која од страна на критиката се вреднува како постмодернизам, двата пола за кои станува збор се дефинираат со различни концепти. Ги имам предвид веќе спомenатите концепти на Ј. Хабермас, А. Турен, А. Мафесоли и Ф. Ферароти. Кон нив, меѓу другите, се приклучува и А. Горц со премисата за дуалистичката организација на општествениот простор. Сите споменати автори се спротиставуваат на модернистичките теории за општеството, според кои тоа е, по дефиниција, заедничарски тип на колективитет во кој сите односи помеѓу неговите членови се односи на „непосредно возвраќање и хоризонтално општење".[15]

Проширувањето на обемот на општествените интеракции, условен меѓу другото, и од развојот на поделбата на трудот, укажуваат овие автори, условува замена на заедничкиот тип на глобалната интеграција на општествените итеракции со системски тип. Општеството како историски тип на колективитет го карактеризира неговата подвоеност на две сфери: сфера на „хетерономија" односно, држава или, како уште се нарекува сфера на „политичко општество" — сфера во која се одвиваат „целно-рационалните акции"; и сфера на автономија, на непосредна хоризонтална општествена интеракција или, т.н. сфера на „цивилно општество" — во која се обидуваат, според Ј. Хабермас „комуникативните акции". Ваквото разбивање на категоријата општество резултира во заклучок кој социологијата ја одделува од модернизмот односно, во став дека општеството сепак постои и надвор од подрачјето на дејствувањето на државата односно, и надвор од подрачјето на она што Ферароти го нарекува „службено општество".

На едно друго ниво и со други амбиции слична премиса веќе подолго време опстојува во теологијата каде што истата е концептуализирана како разлика помеѓу „религијата", на една и „верата" на друга страна.

Во ваков идејно теориски контекст се концептуализира и идејата за кризата. Постмодернистички ориентираните социолози и други аналитичари на социјалното не ја отфрлаат самата идеја за криза, туку само концептот „криза на општеството". Со оглед на премисата дека современиот социјалитет, т.е. општеството, е раздвоено на два пола со спротивни логики на опстојување и развој, се бара прецизирање на оваа културна творба, за тоа да стане соодветен научен односно, позитивен концепт. Првиот чекор во тој правец е, всушност првиот чекор на современиот социолог како социолог, а не како социјален филозоф, идеолог или слично. Таков чекор е веќе споменатата појдовна премиса која заговара „разложување

---

[15] Gorz A. »Zbogom proletarijatu« Radnička Štampa, Beograd, 1982, str. 116.

на категоријата општествена пракса", односно општество, и „разградување на говорот и монументалните дела".[16]

Единствено врз таква премиса е можен научно дефиниран влез на идејата за кризата во социологијата: општествена криза да, но не криза на општеството како единствена целина, туку криза во комуникацијата помеѓу определени општествени структури при уредувањето на односите на власт. Поточно, идејата за криза односно, овде идејата за општествена криза, се допушта теориски дефинирана како концепт кој ѝ се обраќа на сферата на системот на глобално интеграциската мрежа на општествени односи — на „политичкото општество", а не на општеството како тоталитет.

Наспроти класичната, кризолошки моделирана теорија за „реал-социјалистичкото општество" која, рефлектирајќи ги општествените фетиши на историската реалност, сметаше дека државата во потполност го прекрила општеството и дека општественоста почнува и завршува со дејствувањето на таа хегемонистичка општествена структура, постмодерната социологија го разбива митот за бесконфликтноста на општествената пракса. Таа ја афирмира онаа сфера од општествениот живот која, дејствувајќи согласно здраворазумската идеологија „снајди се", „како сите, така и ти", речиси до вчера опстојуваше само уште како девијација, а која сега се покажува како општествена сила со рушителски потенцијали во однос на семоќната држава, но истовремено и како општествен субјект со исклучителни саморепродуктивни потенцијали.

Дејствувањето на субјектите на оваа сфера покажува дека општеството не е во криза и, уште помалку, мртво. Оттука, не откажувајќи се од самата идеја за кризата, при промислувањето на актуелните текови во југословенската, полската и на нив слични национални заедници, социологијата треба да се моделира како развоен, а не како кризолошки дискурс. Свртувањето на социологијата од кризата кон развојот не е само политички ангажман односно напуштање на стојалиштето на власта и свртување кон „цивилното општество" туку, и пред сѐ, свртување кон онаа сфера од општествениот живот која е единственото автентично подрачје на социологијата како засебна наука. Државата, поредокот односно, власта е само мал и ограничен простор на кој не е можно да дојдат до израз сите сознајно теориски и културно еманципаторски потенцијали на „социолошката имагинација".

За разлика од него, „цивилното општество", развојот, е подрачје на дејствување и афирмација на социологијата, кое не само што ги оживотворува нејзините актуелни потенцијали, туку и подрачје е сосема отворено за нејзин натамошен просперитет и докажување како наука и како културен ангажман.

[16] Turen A. »Sociologija društvenih pokreta«, Radnička Štampa, Beograd, 1983, str. 83.

Социологијата може и понатаму да опстојува како „позитивна политика“ и како „позитивна религија“ но, само доколку сфати дека државата, поредокот, власта односно „службеното општество“ веќе не се ексклузивни подрачја на политиката. Такво подрачје постанува и непосредната, хоризонтална општествена интеракција, а во однос на неа, пак, досегашниот ȏд на историјата не нуди никакви аргументи во прилог на одржувањето на кризолошкиот дискурс. Историјата на човештвото како род е историја на развојот на општествената моќ на поединецот, а не историја на развојот на „социјализаторската моќ на заедницата.

*ILO TRAJKOVSKI*

## FROM »CRISOLOGY« TOWARD POSTMODERN SOCIOLOGY OF CRISIS OF »THE REAL-SOCIALISM«


Summary

An attempt is made to initiate elaboration of an postmodern sociological theory of the crisis of »real-socialism« which, as a »midle rang« theory, vould be element of an postmodern sociology of contemporary society in general, and of the »real-socialist society« in particular.

Basic concept of the desired theory is the cincept of »social crisis«. Author proposes for this concept to suppress the concept of »crisis of society« on which are based most of the existing theories of the crisis of »real. socialism«.

The argumentation of this attempt begins with a critic of the conceptualization of the idea of »crisis« — previously conceived and analized as a specific, historical and cultural creation in the clasical, »crisologicaly« defined sociological discourse.

The second step is lead out in form of critic of the ideal and theoretical premises of the concept of »crisis of society« as it has been used in the eäisting theories of the crisis of »real-socialism«.

In the lasst chapter, author makes an effort to develop a premises of an postmodern sociology of crisis of the »real-socialism«, calling upon some writiigs from J. Habermas, A. Touraine, F. Ferraroti, A. Gorz and Maffesoli.